# „Примерот на добриот пријател и лошиот пријател е како примерот на оној што носи миск и оној што дува во ковачка мешина

Ебу Муса, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Примерот на добриот пријател и лошиот пријател е како примерот на оној што носи миск и оној што дува во ковачка мешина. Продавачот на мискот или ќе ти го подари, можеби ќе го купиш од него, или барем ќе почувствуваш пријатен мирис од него. А оној што дува во ковачка мешина или ќе ти ја изгори облеката, или ќе почувствуваш непријатна миризба од него.“
[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дал пример за две категории луѓе: Првата категорија: Добриот пријател и другар кој упатува кон Аллах и она што води кон Неговото задоволство, кој помага во покорност на Аллах. Неговиот пример е како оној што продава миск, кој може да ти го подари, или ќе можеш да го купиш од него, или барем ќе го мириснеш и ќе го почуствуваш неговиот пријатен мирис. Вторава категорија: Лошиот пријател и другар, кој одвраќа од Аллаховиот пат, поттикнува на грешење, се одликува со лоши постапки. Доколку се дружиме и седиме со него ќе ни се припише и она што тој го прави. Неговиот пример е како ковачот што дува во мешина: или ќе ти ја изгори облеката со искрите што се разлетуваат додека дува, или ќе почувствуваш непријатен мирис од неговата близина.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee